## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 март 2007 година.

Бр. 07-1289/1
21 март 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005 и 111/2005), по членот 7-а се додаваат пет нови члена 7-б, 7-в, 7-г, 7-д и 7-ѓ, кои гласат:

"Член 7-б

Право на социјална заштита има лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под хуманитарна заштита, под услови и на начин утврдени со закон.

Член 7-в

Се забранува директна или индиректна дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од социјалната заштита утврдени со овој закон.

Забраната од ставот 1 на овој член се однесува на јавни установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија, од општина, градот Скопје и општините во градот Скопје, на приватни установи за социјална заштита основани од правно или физичко лице и на здружение на граѓани и физичко лице кои вршат работи од областа на социјалната заштита утврдени со овој закон.

Член 7-г

Директна дискриминација, во смисла на членот 7-в од овој закон, е секое постапување или непостапување со кое корисник на социјална заштита бил ставен, се става или би можело да биде ставен во неповолна положба од другите корисници во споредбени случаи.

Индиректна дискриминација, во смисла на членот 7-в од овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила корисникот на социјална заштита поради пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во неповолна положба од другите корисници на права од социјалната заштита утврдени со овој закон.

Член 7-д

Во случаите на дискриминација од членот 7-в на овој закон корисникот на социјална заштита има право да бара надомест на штета во висина од пет месечни просечни плати во Република Македонија.

Член 7-ѓ

Ако корисникот на социјална заштита, во случај на спор, изнесе факти дека е постапено спротивно на членот 7-в од овој закон, товарот на докажувањето дека немало никаква дискриминација е на јавната установа за социјална заштита основана од Владата на Република Македонија, од општина, градот Скопје и општините во градот Скопје, на приватната установа за социјална заштита основана од правно или физичко лице и на здружението на граѓани и физичкото лице кои вршат одредени работи од областа на социјалната заштита."

Член 2

Во членот 19 став 2 алинеја 6 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка, се додава сврзникот "и" и нова алинеја 7, која гласи:

"- лице барател на право на азил."

Член 3

Во членот 22 ставот 2 се менува и гласи:

"Неспособноста за работа во смисла на ставот 1 алинеја 1 од овој член, со свој наод, оцена и мислење ја утврдува стручната комисија од членот 31 ставови 1 и 2 на овој закон."

Член 4

Во членот 29 ставот 2 се менува и гласи:

"Социјална парична помош може да користи лице, семејство или домаќинство."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Како домаќинство во смисла на ставот 2 од овој член се подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат."

Член 5

По членот 29 се додаваат 14 нови члена 29-а, 29-б, 29-в, 29-г, 29-д, 29-ѓ, 29-е, 29-ж, 29-з, 29-ѕ, 29-и, 29-ј, 29-к и 29-л, кои гласат:

"Член 29-а

Социјалната парична помош се утврдува во процентуален износ од основицата утврдена во членот 25 став1 на овој закон, и тоа за:

- лице 13,50%,
- семејство и домаќинство со два члена 17,46%,
- семејство и домаќинство со три члена 22,23%,
- семејство и домаќинство со четири члена 28,58% и
- семејство и домаќинство со пет и повеќе члена 33,34%.

Член 29-б

Социјалната парична помош се остварува како разлика меѓу висината на социјалната парична помош утврдена во членот 29-а на овој закон и вкупните месечни приходи на лицето, семејството или домаќинството.

Доколку износот на социјалната парична помош е понизок од 100 денари, истата не се исплатува.

Член 29-в

Месечниот приход на лицето, семејството или домаќинството се определува според просечниот месечен приход на лицето, односно на сите членови, остварен по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на право за социјална парична помош.

Како приход, во смисла на ставот 1 од овој член, не се сметаат: паричен надоместок за помош и нега од друго лице, детски додаток и посебен додаток, надоместоци за телесно оштетување, надоместок по основа на работно ангажирање, еднократна парична помош и помош во натура за претрпена елементарна непогода и паричен надоместок за трошоци за згрижено лице во згрижувачко семејство.

Член 29-г

Барање за остварување на право на социјална парична помош се поднесува еднаш годишно.

Со барањето од ставот 1 на овој член се поднесува и документација за материјалната состојба на лицето, материјалната и бројната состојба на семејството или домаќинството.

Член 29-д

Центарот за социјална работа определува еден член за носител на правото на социјална парична помош, кој го претставува семејството или домаќинството за остварување на правото.

Лицето и носителот на правото на социјална парична помош е должен да ја потврди состојбата на месечните приходи за себе и сите членови во семејството или домаќинството, при поднесувањето на барањето и во текот на користењето на правото.

Ако лицето и носителот на правото на социјална парична помош не постапи согласно со ставот 2 на овој член, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните шест месеца.

Член 29-ѓ

Висината на социјалната парична помош се утврдува во зависност од периодот на користење на правото, и тоа:

- во првите две години, во висина утврдена во членот 29-а на овој закон;
- во текот на третата, четвртата и петтата година, во висина од 70% од утврденото ниво, согласно со членот 29-а на овој закон и
- по истекот на петтата година, во висина од 50% од утврденото ниво, согласно со членот 29-а на овој закон.

Во случај на прекин во користењето на правото на социјална парична помош до 60 месеца, корисникот има право да го доискористи преостанатото право на социјална парична помош, согласно со ставот 1 на овој член.

Ако прекинот на користењето на правото на социјална парична помош е подолг од 60 месеца корисникот има повторно право на социјална парична помош, согласно со ставот 1 на овој член.

По исклучок од ставот 1 на овој член, семејство или домаќинство во кое има невработено лице инвалид на трудот кој не користи надоместок во центарот за вработување или во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или носителот на правото е невработено лице на кое му недостастуваат најмногу пет години пензиски стаж до остварувањето на правото на пензија, правото на социјална парична помош го оставрува согласно со членот 29-а на овој закон.

Член 29-е

Право на социјална парична помош не може да оствари лице, семејство или домаќинство кое поседува:

а) друга семејна куќа или стан, односно објект во градба;

б) куќа за одмор и рекреација;

в) деловен простор;

г) возило употребливо за комерцијални цели (комбе, автобус, камион, такси);

д) комбајн или трактор во возна состојба;

ѓ) обработливо земјиште во сопственост или под закуп или со договор за користење на земјоделско земјиште на плодоуживање, со површина поголема од 7.000 м2, во кое земјиштето распоредено во 4 и 5 катастарска класа се засметува со 40% од фактичката површина, а земјиштето, распоредено во 6, 7 или 8 катастарска класа се засметува со 20% од фактичката површина;

е) добиток, со кој располага лице, семејство или домаќинство, а по оцена на центарот за социјална работа може да егзистира од него;

ж) заштеди во вредност од над 50.000 денари и

з) регистрирано моторно возило.

По исклучок од ставот 1 точки д), ѓ) и з) на овој член социјална парична помош може да оствари лице, семејство или домаќинство чии членови поради старост, ивалидитет или болест не можат ефективно да ја користат земјата или опремата, како и семејство или домаќинство чии членови имаат регистрирано моторно возило кое се користи за инвалидно лице.

Член 29-ж

Право на социјална парична помош не може да користи:

а) лице на кое му престанал работниот однос по негова вина или по негово барање и

б) лице кое одбило понуда за вработување, која одговара на степенот на неговата стручна подготовка, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување.

Лицата од ставот 1 на овој член се сметаат за членови на семејството или домаќинството при пресметување на вкупните приходи на семејството, а се исклучуваат од користење на правото на социјална парична помош.

Лицето од ставот 1 на овој член не може да користи социјална парична помош во период од шест месеца од престанувањето на работниот однос, односно одбивањето на понуда за вработување, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување.

Член 29-з

Лице кое е на издржување казна затвор подолго од 30 дена или е сместено во згрижувачко семејство, во установа за социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална работа, не се смета за член на семејството или домаќинството.

Член 29-ѕ

Корисниците на социјална парична помош можат да бидат работно ангажирани за извршување на јавни работи до пет дена во месецот, како и за извршување на сезонски работи и други повремени работи од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи, освен пензионери, лицата неспособни за работа поради старост, инвалидност или болест, лица во работен однос, ученици и студенти .

Работното ангажирање од ставот 1 на овој член се врши во соработка меѓу градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи со надлежниот центар за социјална работа, односно надлежниот центар за вработување.

На корисниците на социјална парична помош од ставот 1 на овој член, кои се работно ангажирани до пет дена во месецот, правото на социјална парична помош не им престанува.

На корисниците на социјална парична помош кои работно се ангажирани за сезонски и други работи, правото на социјална парична помош им мирува за времето на работното ангажирање, а по престанувањето на работното ангажирање користењето на правото на социјална помош продолжува.

Ако корисникот на социјална парична помош од ставот 1 на овој член неоправдано го одбие работното ангажирање, правото на социјална помош престанува и не може да се оствари во наредните 12 месеца.

Член 29-и

Носителот на правото на социјална парична помош е одговорен за точноста и вистинитоста на податоците за материјалната и бројната состојба на семејството или домаќинството.

Носителот на правото на социјална парична помош е должен најдоцна во рок од 15 дена да го извести центарот за социјална работа за секоја настаната промена во материјалната и бројната состојба на семејството или домаќинството.

Ако носителот на правото даде невистинити или нецелосни податоци, односно во определениот рок од ставот 2 на овој член не извести за настанатата промена во материјалната и бројната состојба на семејството или домаќинството, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните 24 месеца.

Член 29-ј

Центарот за социјална работа врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето, семејството или домаќинството.

Врз основа на увидот од ставот 1 на овој член, центарот за социјална работа ќе го одбие барањето за остварување на право на социјална парична помош, односно ќе одлучи истото да престане, доколку утврди дека барателот, односно корисникот не е изложен на социјален ризик.

Непосредниот увид од ставот 1 на овој член се врши по оцена на надлежниот центар за социјална работа, а најмалку двапати во текот на годината.

Увидот од ставот 1 на овој член надлежниот центар за социјална работа го врши без претходно најавување. Ако на овластениот работник од центарот за социјална работа не му се дозволи да направи увид во домот на лицето, семејството или домаќинството, правото на социјална парична помош не може да се оствари, односно престанува и истото не може да се оствари во наредните 24 месеца.

Член 29-к

Надлежниот центар за социјална работа е должен најдоцна до 5-ти во месецот да достави до Министерството, извештај за користењето на средствата за претходниот месец и барање за потребните средства за исплата на правото на социјална парична помош за тековниот месец со вкупниот број на семејства, домаќинства, односно корисници за кои треба да се исплати помошта.

По истекот на секое шестмесечје од годината, центарот за социјална работа изготвува извештај за состојбите од извршениот увид кај лицето, семејствата и домаќинствата во изминатото шестмесечје и го доставува до Министерството.

Член 29-л

Министерот со подзаконски акт го пропишува начинот на определување на носителот на правото, прикажување на приходите на лицето, семејството или домаќинството при поднесување на барање и потребната документација за потврдување на состојбата на приходите."

Член 6

Во членот 62 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- решава за правото утврдено со Законот за азил и привремена заштита и тоа парична помош на лице со статус на признаен бегалец и на лице под хуманитарна заштита;".

Алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

Член 7

Во членот 72-а по зборот "членовите" се додава бројот "71,".

Член 8

Во членот 74 точка д) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка, се додава сврзникот "и" и нова точка ѓ), која гласи:

"ѓ) установа за сместување на лица баратели на право на азил."

Член 9

По членот 88 се додава нов поднаслов и нов член 88-а, кои гласат:

"ѓ. Установа за сместување на лица баратели на право на азил

Член 88-а

Установата за сместување на лица баратели на право на азил се основа како јавна установа, а која обезбедува сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги од социјална работа и други услуги, согласно со минимум стандардите за прифат на баратели на азил, утврдени со меѓународни акти, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија."

Член 10

Насловот на Главата IX. "Казнени одредби" се менува и гласи: "IX. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ"

Член 11

Членот 126 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на установата за социјална заштита или друго правно лице, односно глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на физичко лице кое врши определени работи од социјална заштита, ако:

- корисникот на социјална заштита го поставува во нееднаква положба (член 7-в);
- не извести за престанок на работа на приватната установа (член 45-а);
- физичкото лице не води евиденција за корисниците и дадените услуги (член 89-п став 1 алинеја 3) и не извести за привремениот престанок за вршење на работите (член 89-у став 2);
- правното лице продолжи со давање на услуги на стари лица и возрасни лица со телесна попреченост спротивно на одредбите на овој закон, по донесеното решение за забрана за вршење на работите од социјалната заштита (член 126);
- не укаже социјална заштита на лице во положба од социјален ризик (член 63 став 1 алинеја 2);
- не води или неуредно ја води пропишаната евиденција и документација (член 59 став 1);
- не прими корисник на право од социјална заштита, а во установата има место или го отпушти пред да ги преземе потребните мерки (установите за социјална заштита од членот 74 до 88);
- не ги спроведе мерките утврдени во членот 113 став 3 од овој закон;
- не постапи по решението за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во определениот рок (член 118-љ став 1 алинеи 1 и 2);
- не ја почитува забраната за спроведување на мерки и преземање работи кои се во спротивност со законот и друг пропис, при вршење работи од социјална заштита ( член 118-м став 1 алинеја 1);
- не ја почитува забраната за работа на установа за социјална заштита и друго правно или физичко лице кое врши одредени работи од социјална заштита и не ги презема другите мерки од членот 118-о став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон;
- оневозможи вршење на надзор над стручната работа (член 123) и
- во определен рок не преземе мерки за отстранување на утврдените недостатоци од извршениот надзор над стручната работа и за тоа не го извести Министерството за труд и социјална политика и Заводот за социјални дејности (член 125).

Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на физичко лице кое врши определени работи од социјална заштита за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во установата за социјална заштита и на работникот кој непосредно ги извршил прекршоците од ставот 1 на овој член."

Член 12

Членот 127 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на установата за социјална заштита и друго правно лице, ако:
- не поднесе извештај (членови 60, 63 став 1 алинеја 7 и 89 став 2) и
- не го усогласи распоредот, почетокот и завршувањето на работното време (член 58).

Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во установата за социјална заштита и на лицето кое врши определени работи во социјалната заштита за прекршоците од ставот 1 на овој член."

Член 13

Членот 128 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на приватна установа и на јавна установа основана од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје која врши работи од социјална заштита, а нема одобрение од надлежниот орган или одобрението е одземено (членови 38, 39 и 46)."

Член 14

По членот 128 се додава нов член 128-а, кој гласи:

“Член 128-а

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците предвидени во овој закон Министерството води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.”

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.